Врз основа на член 27 став 5 од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/04, 86/08, 161/08, 96/09, 148/11 и 142/12), министерот за финансии донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОБРАЗЕЦОТ, ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ[1]

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат образецот, формата, содржината и начинот на водење на годишниот финансиски извештај за политичките партии.

## Член 2

Политичките партии ги искажуваат вкупните приходи и вкупните расходи за остварување на целите и вршењето на активностите на образецот „Годишен финансиски извештај за периодот од _____до_____20__ година“, во А-4 формат, на бела хартија кој на задната страна содржи Упатство за пополнување, даден во Прилог  кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Годишниот финансиски извештај за политичките партии се води во пишана и во електронска форма.

## Член 4

При пополнувањето на образецот од член 2 на овој правилник, субјектот ги внесува податоците во определените позиции од колоната 2 од групата на сметките согласно со Правилникот за сметковниот план и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план, кои се однесуваат на непрофитните организации.

## Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на годишниот финансиски извештај за политичките партии („Службен весник на  Република Македонија” бр. 143/09).

---

1 Правилникот е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр.21/13

**Член 6**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 11- 2265/4

31 јануари 2013 година

Скопје

**Министер за финансии,с.р.**

м-р Зоран Ставрески